Врз основа на член 44, став 3 од Законот за управување со кризи („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 29/2005) директорот на Центарот за управување со кризи, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за формата и содржината на образецот и начинот на издавање на одобрение-пропусница за движење и работа во подрачјата зафатени со кризна состојба и начинот на нејзиното издавање

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на образецот одобрение-пропусница за движење и работа во подрачјата зафатени со кризна состојба (во натамошниот текст одобрение-пропусница) и начинот на нејзиното издавање.

### Член 2

Образецот на одобрението-пропусницата е изработена од хартија во бела боја со димензии со димензии 100 x 60 милиметри, заштитена со проѕирна пластифицирана фолија.

Образецот на одобрението-пропусницата има предна и задна страна (Образец 1)).

Во позадина на предната одобрението-пропусницата стои грбот на Република Македонија отпечатен во посветла нијанса.

На предната страна на одобрението-пропусницата во горниот дело отпечатен е текстот: („Република македонија“, „Центар за управување со кризи“, „Одобрение-пропусница“, а под него се впишуваат податоци за: бројот на одобрението-пропусницата, подрачјето на дозволено движење, едионствениот матичен број на граѓанинот или бројот на пасошот за странскиот државјанин, името и презимето, датумот на издавање, рок на важење на одобрението-пропусницата, место за потпис и печпат на директорот на Центарот за управување со кризи.

На задната страна на образецот на одеобрението-пропусницата отпечатен е текстот:

„- Одобрение-пропусница е исправа со која се докажува правото на движење и работа во подрачјата зафатени со кризна состојба;

- Во подрачјата зафатени со кризна состојба, лицата се должни да го носат одобрението-пропусницата;

- Одобрението-пропусницата се користи заедно со личниот документ за идентификација (лична карта или пасош);

- Одобрението-пропусницата не може да ја користи друго лице освен лицето на кое е издадена;

- Во случај на нејзино губење, веднаш да се извести Центарот за управување со кризи;

- Фалсикувањето или злоупотреба на одобрението-пропусницата е казниво според законите на Република Македонија.“

На образецот-пропусницата за екипи и поединци од медиумите на предната страна по дијагонала од левиот долен агол кон десниот горен агол со посветла нијанса и со големи букви во два реда е отпечатен и зборот „Прес“, односно „Press“ (Образец 1-а).

**Член 3**

На странскиот државјанин, припадник на меѓународни и други организациии и институции или поединец, во одобрението-пропусницата податоците за името и презимето и подрачјето на дозволено движење, се внесуваат на англиски јазик и неговото латинично писмо.

Содржината на текстот на задната страна на Образецот одобрението-пропусницата за странскиот државјанин кој е припадник на меѓународни и други организациии и институции или поединец, отпечатена е на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо (Образев 1-б).

**Член 4**

На лицата одобрението-пропусницата им се издава согласно настанатата состајба и врз основа на нивно барање.

Барањата од став 1 од овој член се поднесуваат до регионалните центри за управување со кризи лично, преку пошта или преку електронска пошта.

**Член 5**

Одобрението-пропусницата се заменува со нова кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива.

**Член 6**

Обрасците 1, 1-а и 1-б се составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 04-1247/3
6 јуни 2006 година
Скопје

**Директор**
**на Центарот за управување со кризи**
**м-р Агрон Буџаку, с. р.**